Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 02-10552/1
06.12.2023 год. - viti
Скопје / Shkup



КАБИНЕТ НА МИНИСТЕР

2023 година

АРХИВСКИ БРОЈ:

ДО: Агенција за млади и спорт

ПРЕДМЕТ: Доставување на годишен извештај за работа на Министесртво за земјоделство, шумарство и водостопанство во делокругот за млади

Почитувани,

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ бр.10/2020) изготвен е Годишен извештај за работа на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во делкругот за млади.

Во прилог Ви го доставуваме годишен извештај за работа на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во делокругот за млади.

МИНИСТЕР,
Љупчо Николовски

Изработил: Дајана Тодоровска
Контролирал: Кристина Петрова
Согласен: Јован Стојановски


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

АРХИВСКИ БРОЈ:

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ бр. 10/2020) службеникот за млади Дајана Тодоровска го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работа на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во делокругот за млади

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги врши работите што се однесуваат на: земјоделството, шумарството и водостопанството, користењето на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства, ловот и риболовот, заштитата на растенијата од болести и штетници, спроведување на политиката во областа на безбедноста на храна и храната за животни и ветеринарното здравство, следењето и проучувањето на состојбите со водите, одржувањето и подобрувањето на режимот на водите, хидромелиоративните системи, хидролошките и агрометеоролошките мерења, како и противградобијната заштита, проучувањето и истражувањето на метеоролошките, хидролошките и биометеоролошките појави и процеси, надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 23 од Законот за младинско учество и младински политики ( „ Службен весник на Република Северна Македонија“ број 10/20) на 09 октомври 2022 година Министерот донесе решение бр. 04-11109/1 со кое во рамки на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство е назначен службеник за млади Дајана Тодоровска- помлад соработник за пазарен информативен систем на земјоделски прехрамбени производи, Сектор за анализа на земјоделската политика.

Во рамки на своите надлежности Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство учествуваше во финасирање на следните активности кои се од делокруг на млади:


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

- На 27.03.2023 година Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство објави Јавен оглас за ангажирање на практиканти 01/2023 со кои беа ангажирани 14 практиканти.
- На 17.05.2023 година Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објави Јавен оглас за ангажирање на практиканти 02/2023 со кои беа ангажирани 5 практиканти.
- На 05.07.2023 година Министесрство за земјоделство, шумарство и водостопанство објави Јавен оглас за анагажирање на практиканти 03/2023 со кои беа ангажирани 6 практиканти.
- Во текот на 2023 година во Министрството за земјоделство, шумарство и водостопанство беа ангажирани вкупно 25 практиканти.
- На 16.09.2023 година од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој беше објавен повикот за млад земјоделец од Програмата за рурален развој Мерка- 112 Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност до 600.000,00 денари финансиска поддршка од прифатливите трошоци по поединечен корисник. Рокот за аплицирање беше до 15.10.2023 година. Пристигнати се вкупно 54 барања кои се во фаза на обработка.

Изготвил: Дајана Тодоровска
службеник за млади


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015